**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-156**
**19.05.2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), Известување за престанок на важноста на дозволата од Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга (Уп1 бр.08-156 од 18.03.2021 година), Изјавата од Дејан Јанкоски од Струга - управител, основач/сопственик на ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, број УЗП 908/2021 од 14.04.2021 година (наш Уп1 бр.08-156 од 15.04.2021 година), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот арх.бр.02-1952/6 од 18.05.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 18.05.2021 година, донесе:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, е имател на дозвола за радио емитување бр.08-349 од 28.06.2018 година, со важност од 9 години (од 1 јуни 2018 година до 31 мај 2027 година), за емитување преку терестријален предавател - радиофреквенции, на локално ниво за подрачјето на општина Струга, радио програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на македонски јазик.

На 18.03.2021 година ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата достави Известување за престанок на важноста на дозволата (Уп1 бр.08-156) дека ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга одлучило да престане со емитување радио програма наведувајќи ги причините за престанок (корона кризата, економската криза во нашата држава и слабиот пазар во Струга), при што побара од Агенцијата да одлучи за престанок на важноста на дозволата на ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга. Во врска со цитираното Известување, Агенцијата на 19.03.2021 година, на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на РСМ, која електронска адреса е евидентирана во регистарот на радиодифузери на Агенцијата, по електронски пат го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) потребно е да достави Изјава - заверена на нотар од управителот и

основачот/сопственик на радиодифузерот – ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, во која задолжително треба да биде наведено дека радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, престанува со емитување на радио програма. Со оглед дека ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга заклучно до 14.04.2021 година не ја достави потребната изјава, Агенцијата на 15.04.2021 година, по електронски пат на официјалната електронска адреса на радиодифузерот му достави уште едно Известување, со кое го потсети да ја достави истата.

На 15.04.2021 година до Агенцијата беше доставена Изјава дадена од страна на Дејан Јанкоски од Струга, во својство на управител на ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, кој е и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга (заверена на нотар), број УЗП 908/2021 од 14.04.2021 година (наш Уп1 бр.08-156 од 15.04.2021 година), со која изјавува дека радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга заклучно со 07.04.2021 година престанува со емитување на радио програма. Исто така, наведениот радиодифузер нема долг кон Агенцијата.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и Изјавата од Дејан Јанкоски од Струга - управителот на ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, кој е и единствен основач/сопственик на ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга (заверена на нотар), број УЗП 908/2021 од 14.04.2021 година (наш Уп1 бр.08-156 од 15.04.2021 година), исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Изјавата од Дејан Јанкоски од Струга - управител, основач/сопственик на ТРД РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, број УЗП 908/2021 од 14.04.2021 година (наш Уп1 бр.08-156 од 15.04.2021 година), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.